**ОГЛАС ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**

ЕД Планетум се води од визијата за застапување на граѓанскиот интерес во јавните политики за животна средина на национално и меѓународно ниво. Планетум бара здрава и квалитетна животна средина за сите.

Планетум посветено работи на прашања поврзани со отпад, заштита на природните реткости и богатства, зачувување и зголемување на зелените површини и рационално користење на природните ресурси.

За потребите на проектот "Квалитетот на водата од хидроакумулациите во струмичко - радовишкиот регион и нивното влијание врз биодиверзитетот" финансиски поддржан од Министерството за животна средина и просторно планирање, ЕД Планетум објавува оглас за

**Прибирање на понуди за печатење на брошурата – Квалитетот на водите во струмичко-радовишкиот регион и нивното влијание врз биодиверзитетот**

**Брошурата треба да биде изработена во:**

- А4 формат / 80 гр - хартија
- Да биде во боја
- Да има корици / најмалку 150 гр - хартија

**Информации за понудувачите:**

- Брошурата ќе биде 50 страни без корици
- Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде единствено цената за печатење на брошурата со вклучено ДДВ
- Понудувачите своите понуди треба да ги достават најдоцна до 15 Октомври – 2023 година
- Ќе бидат испечатени вкупно 150 брошури (120 македонска и 30 англиска верзија)

**Вашита понуда може да ја испратите на planetum@t.mk, да ја пратите по пошта или директно да ја донесете во просториите на ЕД Планетум – ул: 22 декември бб 4-та у.з.**

**Краен рок за доставување на понуди:** 15 Октомври – 2023 година, до 17 часот